Влада на Република Македонија
Кабинет на Заменик претседател
задолжен за економски прашања

Обединети Нации
Канцеларија на
постојаниот координатор

22 ноември 2016

Почитуван/а г-ѓо/г-ине,

Задоволство ни е да ве поканиме на „Втората консултативна работилница за процесот на усогласување со Целите за одржлив развој" која ќе се одржи на 29 ноември 2016 во хотелот „Континентал" во Скопје.

По одржувањето на првата консултативна работилница со претставниците на државните институции, овој настан се организира како втор чекор во усогласувањето на националните стратегии и политики со Целите за одржлив развој. Овој процес е предводен од страна на Кабинетот на Заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, во тесна соработка со Канцеларијата на постојаниот координатор на Обединетите нации. Во моментов сме во завршна фаза на сѐопфатна анализа која треба да покаже каде е најголем јазот и каде е најпотребно усогласување со Целите за одржлив развој.

Работилницата има за цел да овозможи претставниците на граѓанското општество, академската заедница и приватниот сектор да поразговараат за првичните наоди и да се договорат околу приоритетите во справувањето со развојните предизвици во периодот до 2030 година. Вашите гледишта се од суштинско значење во насока на постигнување на широк консензус околу нашите заклучоци.

Во прилог на поканата ви праќаме концепт и агенда за настанот, заедно со нацрт текстот на првичната анализа спроведена од девет експерти во области и теми кои се релевантни за Целите за одржлив развој.

Ве молиме потврдете го вашето учество најдоцна до понеделник, 28 ноември 2016, по пат на е-меил на joshko.ivanovski@gs.gov.mk , телефон 078/500-519 и sandra.andovska@gs.gov.mk телефон 070/304-765.

Со нетрпение очекуваме да ги слушнеме вашите ставови.

Со почит,

Владимир Пешевски
Заменик претседател на
Влада на Република Македонија
за економски прашања

Луиза Винтон
Постојан координатор на ОН